РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-1198/1
13-03-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-та седница одржана на ден 10.03.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1733/1 од 10.06.2025 година, со наводи за сомневање за злоупотреба на лекарско уверение за вработување во Општина Куманово, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека од аспект на одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување по предметните наводи, од причина што по пријавените дејствија, друг орган е надлежен да постапува.

Предметот со број 12-1733/1 од 10.06.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 10.06.2025 година, до ДКСК е доставен пријава од страна на познат подносител, во која изнесува наводи за сомневање за злоупотреба на лекарско уверение за вработување во Општина Куманово од страна на лицето ------------- -----------------, на работното место самостоен референт за подготовка на документација за ----------- во Одделението за ---------------- ---------------- и ----------------------.

Подносителот во пријавата наведува дека пријавеното лице, примило оштета во износ од 120.000 евра, поради нарушување на неговата општа здравствена состојба при работа во американската воена база во Авганистан и Ирак. Според подносителот, лицето добило материјална оштета, а потоа засновал работен однос во Општина Куманово, иако општ услов за засновање на работен однос е општата здравстената способност, која се докажува со Уверение издадено од надлежна здравствена установа. Подносителот се сомнева дека

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

уверението врз основа на кое пријавеното лице засновало работен однос во Општина Куманово, не било веродостојно, поради што бара да се испита постапката за неговото вработување реализирано со лажно лекарско уверение. Воедно, пријавата е доставена и до Министерството за внатрешни работи.

По разгледувањето на содржината на пријавата, ДКСК утврди дека нема надлежност за утврдување на вердостојноста на лекарското уверение, односно за предметните наводи е надлежно Министерството за внатрешни работи до кој подносителот наведува дека веќе ја доставил предметната пријава.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата